СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр.08-5883/34
06.12.2024 година
Кавадарци

З А П И С Н И К

За работата на продолжението на 49-та седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за ден 06.12.2024 година.

ПОЧИТУВАНИ КОЛЕГИ СОВЕТНИЦИ

Имаме продолжеток на 49-та седница на Советот на Општина Кавадарци на последната точка. Тоа е Советнички прашања, нели по договор на претходната седница.
На продолжетокот на 49 седница присутни се сите 19 советници, така да можеме полноважно да одлучуваме и да разговараме за текот на 49-та Седница на Совет на Општина Кавадарци, така да би ве замолил тука ни е Градоначалникот, повелете советнички прашања. Претрес кој има. Ќе направиме ред. Се јави Веса, потоа Валентина, Павле, Вуко, Јован и Круме. И Кузмановски. И Перо.
Повели Веса Богева советничко прашање.
СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Почитувани граѓани, почитувани медиуми, почитувани присутни, почитуван Претседател на Совет и Градоначалник. Значи денес седницата ја започнуваме со советничко прашање. Во една прилика, во една изјава Министерот за Локална Самоуправа кажа дека процентот на издвојување од данокот на доход и данокот на добивка од централниот буџет кон локалните самоуправи е солиден и според тоа значи новата Влада претпоставувам дека не планира овој процент да го зголемува, односно не планира да издвојува поголем процент од досегашниот. Претходната Влада знаеме дека континуирано правеше зголемување, на тој начин процентот достигна до 6% и за данокот на добивка и за данокот на доход. Моето прашање Градоначалниче дали вие имате некоја информација вио тој дел и дали имате разговарано на состаноците на ЗЕЛС, затоа што ова прашање ги засега сите

локални самоуправи, од овој процент зависе колкав износ на средства ќе бидат издвоени од централниот буџет во буџетите на локалните самоуправи и тој износ е многу важен затоа што со анализите досега е покажано дека овој износ на средства е сигурен, што секоја локална самоуправа го добива и е многу важен за покривање на трошоците што ги има локалната самоуправа и многу важен за подобра и зголемување значи да имаме финансиска независност на локалните самоуправи и зголемување на децентрализацијата, што исто така е многу битно, мислам дека во тој правец како држава треба да бидеме ориентирани, зголемување на независноста на локалните самоуправи.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитуван Претседател на Совет, почитувани советници, почитувани медиуми, почитувани сограѓани. Значи како што кажа и советничката за советнички прашања. Благодарам на прашањето, значи на г-ѓа Веса Богева како прашање во делот со децентрализацијата и зголемување на данокот од ДДВ, персоналниот данок и децентрализацијата во делот на државата према сите општини соодветно. Ние на ЗЕЛС континуирано разговараме, јас еве 7-ма година градоначалник континуирано разговараме за децентрализација, а тоа се насоки и на Европска Унија, насоки на сите надворешни чинители дека локалните самоуправи треба да се на повисоко ниво и финансиски да се зајакнат, меѓутоа и ингеренциски затоа што локалните проблеми секогаш остануваат локални проблеми. Министерот за локална самоуправа, да кажал дека, не се сеќам на таа изјава точно како ја цитирал, еве вие ја цитиравте дека буџетите на општините се доволни во делот на враќањето на блок дотации или на процентот на данок, јас би кажал дека не се доволни, значи тоа е општа работа, така да дека треба да се зголемува процентот на зголемување во делот на персоналниот и во делот на ДДВ да, меѓутоа мораме да бидеме сведоци сме на многу општини кои што и ненаменски и нетранспарентно и неотчетно ги трошат своите средства. Ние сме една од општините меѓу првите три каде што имаме отчетност, транспарентност и оценка најдобра во делот на трошењето на буџетските пари, меѓутоа трошењето на парите од сопствени средства и од блок дотации кои што пристигнуваат, така да

тука треба една комплетна анализа да се направи според мене, не би зборувал само за Општина Кавадарци, би зборел тоа на ниво на ЗЕЛС, да се виде колку сме зрели и до кај сме стигнати за да се направе таа децентрализација да има законски регулативи и можности да се направе децентрализацијата и јас верувам во таа децентрализација за да има соодветен натпревар и да бидиме правилни локални самоуправи. Многупати имам кажано и на претходната Влада и сега, ако продолжиме во исти правец ние можеме комотно да си го извадиме предзнакот самоуправи и да бидиме управи, така да еве таа забелешка која што ја имате добро е сите политички чинители, без разлика на актуелната Влада да се заземе заеднички став од сите партии и од парламентарните чинители од сите партии да донесат заеднички став во делот на зголемувањето на блок дотациите, зголемувањето на процентот од ДДВ од професионален данок и зголемувањето на ингеренции на самите општини. Доколку понатаму продолжат општините, дел од општините да несериозно и неадекватно се понашаат, како еве јас слободно ќе го кажам како пр. Општина Арачиново не наплаќа данок на имот. Тоа се повластени граѓани каде што не плаќаат данок на имот. Во тој случај треба централната власт или Министерството за локална самоуправа да и одземе дел од ингеренциите или пак да ги намале блок дотациите или пак да ги намале воопшто оние трансфер на средства кои што процентуално ги дават на таквите општини. Општина Кавадарци ажурирањето на базата на данок на имот ја имат 99%, наплатата на данок е над 95%, така да мислам и во поголемиот дел на општини е така. Сите треба да се стремиме да тоа биде еднакво на сите општини си ја завршат основната обврска и второ добро е што се донеси закон, мислам дека го знаете законот дека при буџетирање на буџетот општините не смеат и ЈП-ја и државните претпријатија и агенциите да направат буџет поголем од 3 годишниот просек плус 20%. Замислете кога го немаше тој закон се правеа буџети и по 3, 4 пати поголеми од оној основен буџет од реалниот и сега пак ќе се вратиме на едно исто назад, само да се надополнам на таа работа. Кога го критикуваме буџетот, а законска регулатива има за носење на буџетот, еве нека ви биде

поттик тоа на 25- ти на седницата дека ние сме во законот вклопени и со 20% од 3 годишниот просек. Не можеме топла вода да измислиме, не можеме да направиме плус, така да како што државата не ограничува јас мислам дека така треба да ни ги зголемува и процентите и имгеренциите на локалната самоуправа за да може едноставно да има реален натпревар на развој по својот успех на менаџирање, на Совет, на Градоначалник, на ЈП-ја итн. Така а се согласувам со тоа и треба да продолже децентрализацијата, а наша куќа заедничка е ЗЕЛС, каде што треба заеднички да ги застапуваме овие работи .

СОВЕТНИЧКА ВАЛЕНТИНА БАЊАНСКА: Почитувани присутни, почитувани медиуми, почитувани граѓани. Имам две прашања коишто досега се ветени од пред една година на советнички прашања, од страна на Градоначалникот не се реализирани. Едното прашање е улицата која што не е реконструирана од Шишка до Стокомак. Пред една година на советнички прашања, оваа улица не е подолга од 50м. прашавме, Градоначалникот ни ветуваше дека ќе биде реконструирана, меѓутоа сеуште не е реконструирана. Второто прашање се однесува на Градските гробишта, значи имаме таму улица од последниот паркинг на влезот на Градските гробишта и до вториот влез на Градските гробишта каде што улицата поплочена завршува и граѓаните се принудени да газат значи по кал или кога имаме вака есенски временски услови да од калта да згазнуваат на поплочениот дел каде што се градските гробишта. Исто така и ова ни беше ветено од страна на Градоначалникот пред една година на советнички прашања дека овој проблем ќе се реши и оваа улица не е подолга од 20 до 30 м. и сметам дека треба да се реши во најскор временски период.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Благодарам советничке за прашањето Бањанска значи првото беше, тоа е кракот од Шишка до Стокомак не е само за Стокомак тука котираат, до таму завршува, после Даскал Камче, тука е нашата компанија Кожувчанка, наспроти има компанија за шиење на нараквици итн. Таа улица неслучајно е оставена да биде последна и јас со моите комшии кои што го делам истиот влез и е само за нас тие 5 компании разговарав со нив и разговарано е на една тема, пошто уништувањето на

улицата најмногу се јави од компаниите, а тоа се пак ќе повторам и мојата компанија и Делта ми се чини се вика компанијата која што работе со метална конструкција и Даскал Јуниор, Јан Пласт и заради нивните прекопи за поставување на кабли нови за ел. енергија и поставување на фотоволтаици и разговорот што ми е не е уценувачки него јас лчно ќе разговарам со нив, да, таа улица ја имаме ставено во наредниот буџет, меѓутоа да ја направиме со 50% кофинасирање. Со 50% не се големи пари, меѓутоа сакам да бидат општествено одговорни кога нешто ќе го расипиме или растуриме, треба да си го направиме пак да биде во свој домен или во свој ред, сами знаете дека таму влезот на Стокомак кадешто е сега во моментот тоа не е регулиран влез, него е примитивен влез направен за да функционира еден објект, сами знаете и неколку други влезови не се влезови, главната капија на тој комплекс во минатово било на самата улица Шишка и ова е споредна улица, внатрешна кога било една компанија или кога било касарна на времето или не знам што, сега затоа што се поделени сопственичките структури станува збор за добра волја да заеднички ја направиме и атмосферски ја решиме, затоа што има проблем со атмосферската канализација и ја решиме со асфалтирање, меѓутоа притоа си ги решат имотно- правните односи за влез и излез, имаат имотно-правни односи решени, меѓутоа имаат човекови односи нерешени, не си дозволуваат да си поминуваат едни према други во делот на асфалтираниот дел и затоа отвараат капии на секои 5 метра и мислам дека тоа ќе го надминиме и ќе се заврше таа уличка, а не сакав да ја ставам прва, па после ќе речите Градоначалникот си ја асфалтира улицата во неговата фирма. Во делот на Градските гробишта забелешката ви е на место. За жал Градските гробишта како што е потребата се шират во делот на горниот дел, директорот на Комуналец е тука, сакам да си го ставиш тоа во буџет , по изградбата на тој паркинг кој што го направивме наспроти капијата и оградувањето горе во делот на правец на самите Градски гробишта се до оградата да си го предвидите во поплочувањето на ЈП Комуналец. Зошто. Затоа што Општина Кавадарци еве во овие 3 години

има купено над 100 000 евра парцели во делот на потребите за погребалните услуги на гробиштата и така да сите приходи кои што ги наплаќаат во делот на погребни услуги од продажба на гробни места мислам дека треба дел од нив да се насочат за токму оваа работа, а тоа е да се направе таа улица која што мислам дека ќе се вклопе во вашиот буџет да се поплочи, дури постои уште една работа, тоа ќе го добиете како информација на Совет по завршување на главната улица Шишка што сега треба да се асфалтира, ние ќе имаме сигурно општа проценка, негде околу 500 до 600 метра коцки веќе извадени од тротоари, ама тие коцки претходно се фрлале, сега не ги фрламе, ги ставаме на депо и ги евидентираме, така да може да си ставите само работна рака тампонирање, а овие коцки да ги користиме во поплочувањето.

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Почитуван Претседател на Совет,почитуван Градоначалник, почитувани колеги советници, почитувани медиуми, почитувани граѓани. Моето прашање се однесува на аерозагадувањето на градот . Алармантни се бројките кои ги гледаме во последниот месец дена кои што ги објавува МЖС во однос ќе земам ја концентрацијата на пм честички во град Кавадарци. Од 30 дена во ноември 16 дена концентрациите се над дозволената горна граница од 50 микрограми на м3. Алармантни се овие податоци и сметам дека веќе треба да се превземени првите мерки од страна на Општината за утврдување на тоа загадување од каде потекнува, зошто се високи тие концентрации и кои мерки да се превземат, затоа што тек е доцна есен, а каде се и зимските месеци пред нас. Ние не бираме, никој од нас не бира каков воздух ќе дише, сите го дишиме тој загаден воздух, затоа апелирам сериозно да се сфати ова и ме интересира дали алармот е вклучен во службите кои што треба да го следат ова во Општина Кавадарци и кои мерки се превземени досега, ако се превземени и што планирате да превземете во периодот кој претстои.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Советниче вие повеќе сте присутен во Скопје со специјализацијата и воа ќе испадне ноа вие што го викате другарот Тито покоен секогаш на годишнината на млади му

пишеле говор, ама говорот го пишеле претходната година за наредната и испаѓа Маршалот да го чита говорот и вика Почитувани другари и другарице на овој топол сончев ден, а надвор снег врне и истура дожд, сега така ви со прашањето. Зошто. Имавте 5 пати од УНДП предавања, една година мониторинг, испаднаа со објективни бројки од каде е загадувањето, какво е загадувањето, од година дена мерења и испитувања преку за залагањето на лабораторијата Гоце Делчев и тоа бевме Кавадарци, Гостивар, Струмица и Куманово. Врз основа на тоа добивме точни релевантни бројки од каде е загадувањето. Загадувањето најголемото доаѓа во есенските, зимните денови од загревањето на домовите или од користењето на несоодветни енергенси или достапни енергенси како што стручно пише таму, втората ставка е дека доаѓа од сообраќајот, значи тоа така една сериозна анализа издетектирано максимално незнам еве и друзите советници сигурно се во тек за сите тие работи, 2 пати бевме тука и го образложија луѓето. Е сега ние тоа го знаевме и го очекувавме, ситуацијата не е алармантна како пред 3, 4, 5, 6 години, него е тука некаден како што била лани, оломнани итн. Затоа што најголемото загадување доаѓа од затоплувањето на домовите и користењето несоодветни енергенси, Општина Кавадарци има во 2017 година изработено проект за гасификација и комбинирана топлификација кој што го разлагав прошлиот совет и во наредната година со парите кои што Владата ќе ги дотира од 125 евра по глава на жител, 2,2 000 000 евра ги оставаме, ја почнуваме топлификацијата заедно со гасификацијата. Второ во делот на анализата која што е направи УНДП заедно со Гоце Делчев добивме грант од 10 000 000 денари. Во буџетот тоа ќе го видите дека е вметнато со услов и ние да партиципираме 10 000 000 денари, вкупно 20 000 000 денари. Со тие 20 000 000 денари Кавадаречки Дол од кај што досега е затворен, ќе се затворе комплет до самиот влив на долот, добиваме површина негде околу 30 000 м2, по затварањето кога ќе ја озелениме, ќе садиме дрвја, паркови, рекреативни зони и со тоа добиваме трет парк, после вториот парк кој што го градиме кај Шумарското Училиште. Зелените површини се подигаат и се одржуваат, вчера стигнаа во Комуналец 3 нови метларки кои

што покрај сега машински ги метиме булеварите, поголемите улици тие ќе бидат за по урбани и селски средини, така да од понеделник во секоја уличка ќе влезе метларка и ќе ја пометува самата уличка, не само заради хигиената, него и заради собирањето на прашината од самите улици, улички и пристапни тротоари затоа што таа машина мети, усисава и поросува со вода за да се намале прашината, односно ја усисава и самата прашина, трите метларки од понеделник се во функција, една имаме помала, тоа се 4 и 2-те големи, мислам дека секоја улица ќе биде помината преку еден ден, во меѓувреме порачавме уште една цистерна на тендер која што беше ставена. Таа цистерна треба да стигне за 3 месеци, имаме една нова цистерна, две постари и уште една цистерна, перењето на улиците си оде во континуитет. Најголемото загадување во делот на нечистотијата во градот што ја имаме по улиците, по булеварите доаѓа од нашето земјоделско производство и од оние автомобили, земјоделски машини, трактори или било какви кои што доаѓаат со кал, а калта после со сушењето се претвара во прашина сам знајш и тука нас ни доаѓа најголемиот проблем, во тој дел со Министерството за земјоделие ние разговаравме да во наредната година главните пристапни патишта до поголемите земјоделски парцели делумно бидат тампонирани до одредена должина за да не излегуваат со кал пошто и регионалните патишта го прават истиот проблем кога таа кал се изнесува надвор и тука веќе се ствара и небезбедност и во делот на загадувањето на воздухот потенцијално од самото сушење на таа кал претварајќи се во прашина. Многу е битно тоа што анализата јас ако ја немате би ве задолжил Ленче пратете му ја комплетно да ја има, мислам дека сите ја имате, немаме тешки метали, зголемени ништо од тоа што е на светско, односно европско ниво и на ниво од Македонија како држава од другите општини. Значи најголемите работи кои се детектирани во самите честички се од согревање на фосилните горива, согревањето на енергенси и сообраќајот. Тоа е што сакам да ти го кажам и мислам дека поголем аларм од една година анализирање заедно со релевантни фактори и сериозни инвестиции кои што ќе се насочат во делот на гасификација,

топлификација, пристапните патишта, перењето на улици, метларките, затворањето на Долот, претварањето во парк, градењето на уште еден парк во делот на градската средина Страшо Пинџур кај Шумарското Училиште, градењето на кејот, значи ние нема да оставиме простор да од самиот град ние немаме проблем од загадувањето освен од согорувањето на горивото и на крајот како што и вчера во емисија кажа Директорот на ЈП за државни патишта на одобрение од проектот 14 000 000 евра кои што подолго време го зборуваме кога ќе ја изградиме заобиколницата, тогаш ќе се симне од втор фактор собраќајот во загадувањето на четврто место, односно ќе ни остане само загревањето, а загревањето ќе го решиме поголем дел со топлификација и гасификација. Течкиот товарен сообраќај ќе се заврте на самата заобиколница и во тој случај ќе имаме 70% намалување на емисиите од тешките возила во градските средини.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Реплика повели.

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Градоначалник не знам зошто морате во секое обраќање према некој што нешто ќе ви каже да пробувате нешто да бидете интересни. Еве од животна средина ова е за ноември месец, ќе ви го праќам затоа што вие зборувате кај јас сум живеел, што сум живеел, сум ги мешал градовите јас сум жител на град Кавадарци. Тоа кај сум професионално времено ангажиран тоа е друга работа. Значи самиот графикон ви покажува дека 16 дена од 30 во ноември се со енормна загаденост, а знам дека секоја ден пролиствуате ТАЈМ МК, преку ден Кавадарци е на прво место и тоа со сериозни бројки, во најмала рака и се надевам дека овоа сето што го кажавте, што звучи супер во мерки, иако краткорочните мерки кои што треба да дадат брз ефект не ги спомнавте, туку само оние долгорочни решенија за кои ефектот ќе го видиме после одреден период на месеци и години, сметам дека треба сериозно да се сфати ова.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Советниче не сакав да сфаните грешно, не се енормни бројките затоа што бројките 7 години ги следиме и се поднамалени од претходно, од пред 7 години. Вие кажавте дали има направено анализи и што ќе превземиме. Да затоа ти кажав дека една година е работено многу сериозно и таа

анализа може да кошта и 500 000 евра или не знам колку што е направена и точно е детектирано што. Ако вие мислите, еве ако имате предлог секундарен, моментален да го решиме нема проблем, значи сега ај да не се навраќаме, даваме субвенции за клими, даваме субвенции за велосипеди, градиме велосипедски патеки.Секој граѓанин придонесува за загадувањето на амбиенталниот воздух и вие и јас и секоједен, меѓутоа од оние слики што ги имавме порано со енормно варење на ракија, загадување и сите работи, мислам дека сме на многу пониско ниво и во тој дел работиме. Графиконот кој што го имаш воа можеш да го гледаш и од Лондон, многу нормално, тоа е графикон онлајн и го гледаме, ни ги споредуваме и со ланската година, па колку е температурата, па дали е дожд, еве денеска нема загадување, денеска е 75 пм честички, утре ако врне дожд ќе биде одлично, а вака те чепкам малку и те копкам пошто претежираш за Претседател на СДСМ и затоа сакам малку да те чепнам.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Почитуван Претседавач на Совет, почитуван Градоначалник, почитувани колеги советници, почитувана јавност. Јас имам неколку прашања. Прво за дивите депонии минатиот Совет имав дискусија, од тогаш наваки се зголемија активностите за зголемување на таа дива депонија на крајот на Дисанска што е, па граѓаните сами исчистија, па имаше интервенција и од страна на ЈП Комуналец ме интересира дали и што се планира за спречување и казнување и јавно објавување на сите тиа што ги прават диивите депонии.

Второ прашање. Во врска со дождовите што ги имавме обилни последниот викенд каква е кориоста од раздвојувањето на фекалната и атмосверската канализација што бепше проектот реализиран минатата година дали има ефект, дали има штети и некој штети што се направени од тие дождови дали се интервенира да не се повторуваат. На пример на улица Игман има и скривница што е во сопственост на кризниот штаб мислам кој е во сопственост на Општината, заклучена е а од зградата е наполнета скривницата и дали на такви места каде што неможат граѓаните, жителите станарите од таа зграда да интервенират затоа што била заклучена дали се презимат такви мерки. Исто имаше пријава и на Лазо Мицев бр. 7 каде што комшијата имат некои нерешени имотно правни односи го знаете тој случај

и дали може на такви пријави за направена штета да се интервенира побрзо за да не се повторуваат таквите штети, оти тоа сето предизвикува да пријавуват штети до Општината и Општината да му исплаќа штети на граѓаните. И трето прашање. Пред околу месец дена бев присутен на сите средби, речиси на сите средби со претставниците на месните заедници и интересно е што ако ги поделиме на две категории тие средби, едни средби со претставниците на месни заедници од урбани и претставници од руралните месни заедници дека од урбаните месни заедници немаше ни многу барања дека докај некаде сите работи се средени и тротоари и улици, мали беа тие нивни барања, додека поголеми беа од претставниците на руралните месни заедници, каде што приметив дека некои барања се повторуваат што биле барања во 22-ра, крајот на 22-ра за да се рализират во 23-та, не се реализирале, па се префрлат во 24-та и дали се планира зголемување на буџетот на таа ставка за да се веќе 2025 година со тија буџет да се завршат тие некои поодамнешни барања и потреби на жителите од тие рурални месни заедници затоа што сите знаеме дека најважно за тој дел е вода, струја, пат, канализација и ме чуде во разговорот со граѓаните некои за мене личности што биле активни политички во изминатиов период велат Зошто да се инвестира во тоа и тоа село кога таму има 9 гласачи, ни не го правиме тоа, таа инвестиција за 9 гласачи, туку за интересот на младите кои што гравитираат по тие рурални подрачја. Тоа треба на сите да му биде јасно и добро е младите да одат таму, да се движат, па макар да се навратиме на претходното советничко прашање од колегата барем да дишат тија помладите и нивните деца чист воздух за викендот.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Благодарам советниче. Еве денеска роденден и било на сопругата. Нека и е честит, на 60 години од бракот ќе направиме пак свадба. Во делот на дивите депонии континуирано работиме, свеста кај граѓаните се подигнува и сами гледате дека не се стварат толку диви депонии, ЈП Комуналец стое на располагање бесплатно да однесе тракторска приколка, голем контејнер ако имаат шут за фрлање, реновирање, реконструкции, било што, меѓутоа навиката некогаш многу тешко се менува, поготово ете таму кај Дисанска, поготово во село Дреново и други кај

што се ствара диви депонии, меѓутоа сега со овој проект кој што го работиме во делот на осветлувањето на перифериските дел на Општина Кавадарци, град Кавадарци и настрана од тоа еве како на пр. осветлувањето до Ресавски пат кај Југо Комерц, осветлувањето од Глишиќ до после Марена, сега кога ќе се изграде патот накај Дисан и буквално тие периферски места стануваат осветлени, достапни и со самото тоа се елиминират комплетно дивите депонии. Јас пак би ги повикал сите граѓани и би кажал дека е бесплатно фрлањето на индивидуален шут од индивидуални семејства, луѓе од Општина Кавадарци на градската депонија. Не наплаќаме за тоа, така да не гледам причина зошто да не се фрла таму каде што треба соодветно самиот шут. Во делот на казнивоста веќе почнуваме да постапуваме, сами знаете дека инспекторскиот дел од 9 луѓе го издвоивме од Општина Кавадарци, се наоѓа во зградата на Бизнис центарот на Општина Кавадарци. Од 9 инспектори 7-те сеуште немаат комплетни овластувања, двајца добија веќе комплетни овластувања, пошто полагањето беше малку подзамрзнато заради изборите и другите работи и на улица 7-ми Септември кај што го спомна проблемот го знам и гледаме индивидуално да ги решиме. Решавањето на проблемот во делот на диви депонии, во делот на согоревање на различни несоодветни предмети или употребување на други работи кои што загадуваат, од страна на чување на животни кои што можеби не се домашни животни, а се одгледуваат во урбани средини и такви реакции имаме, ете незнам Марена имаше реакции дека некој чува 6 кози, па други реакции и сега знаеш како он 30 години ги гледал козите и сега треба да го убедиме, да му кажиме дека веќе не му е местото на тоа место каде што ги одгледува козиве, дека тоа е урбана средина и дека пречи на самата средина со самата стока што ја одгледува, наидуваме на разбирање, кај што треба да помогниме помагаме, е кај што не наидуваме на разбирање гледаме да употребиме и правни репресивни мерки. Досега не сме изречиле казна по овие два односа, односно диви депонии или несоодветно одгледување на стока во урбана средина, гледаме да ги надминиме. Во делот на атмосферската канализација оние два дена со над 150 литра дожд на м2, 160 литра речиси и да немавме негде сериозне

проблем скоро никаде, немавме улици поправени, немаше наноси на кал, со едеинствен пропуст кој што го увидовме имавме само нанос на чакал од кај Југо Комерц накај капелата и накај ул. Вишешница. Увиден е проблемот и мислам дека денеска ќе биде и решен и тој проблем, во меѓувреме пошто ви скоро доаѓате од сите месни урбани заедници она што го зборуваа граѓаните и како што сами кажавте веќе немаат некои енормни барања или барања лични или било како ЈП Комуналец имаше на ниво директори, раководители на сектори, еден малку посериозен состанок со мене како Градоначалник, се искорегираа таму каде што беа недоследности и јас си признавам во ниво име, а тоа беа во чистењето на сливници, решетки од атмосферските канализации. Сега замисли ние сме изградиле атмосферска канализација, решетката е незнам 3 м. и е полна со чакал, земја или песок, а не беше одржавана, направени се два тима, секојдневно се добиват информации и мислам дека уште за месец дена отприлика со временските услови сите решетки и сливници ќе бидат ставени комплетно во функција за да биде канализацијата, односно атмосферската да биде функционална, таму каде што имаше проблеми индивидуални како на Голи Оток на двете улици, во село Сопот, сите тие проблеми одма интервенирано и веќе се во завршна фаза да се завршат. Не оставаме ништо на случајност и јас сакам кога ќе си ги слушнам граѓаните за такви проблеми, а поготово за тековно одржавање на нешто, сум малку ете ајде можеби сум поемотивен и поригорозен затоа што тоа е тековна работа која што треба секое ЈП да си ја работе. Не треба да зборуваме за неисчистен сливник, мислам тоа е банално во цела ситуација, али за жал ете се случило како пропуст некаков и нема да се повторе. Атмосферската канализација функционира добро и добро е сега што се граде атмосферската канализација во Ваташа, Цикот ли беше улицата ми се чине, Цондев пред самото училиште во Ваташа, сериозен проект од 10 000 000 денари, горе над Ромите долот се опфаќа со сливно подрачје и со таложник со цевка до реката да се однесе за да немаме напад на вода од таа страна и на Диме Чекоров во Ваташа така да тие комплетно атмосферски канализации се завршуваат, ни останува како проект да го

изработиме за атмосферска канализација, под Лазо Асијата улицата кај што бевме на Ќиро Крстев населбата, таму мора да најдиме проектанско решение да не избрзаме, не е нешто што можеме да го решиме и да го реконструираме, него наново треба да се направе таа атмосферска канализација и мислам дека во брзо време ќе биде завршена, инаку во меѓувреме за информација стигна репроматеријалот комплетен, беше објавена на социјалните мрежи и на вестите локални за Дабниште и за Ресава комплетната изградба на нова канализациона мрежа и изградба на фекален колектор со вредност од 24 000 000 денари. Значи тие две села добиваат комплетна нова канализациона мрежа и ситните работи кои што ги бараа граѓаните верувај дека после тоа ние ги сумиравме и мислам дека 90% се надминати и решени, не ги оставаме да се трупат за да створаме ајде да не кажам гнев према нешто што треба да значи работење на ЈП и работење на општините како општина. Мислам дека тие беа прашањата така. А да баш тоа и го спомнав еве 22, 24 000 000 денара во две села инвестиција во рурален развој за канализации и фекален колектор. Догодина ни е ставен влезот на Чемерско со 9 000 000 денари, Дабниште реконструкција на патот и проширување со 600 000 евра или 36 000 000 денари, во с. Сопот ставивме во долното маало што бараа атмосферски канализации и приклучување со водоводната мрежа, изградбата на патеката од Глишиќ до Марена поврзување на една урбана средина комплетно да се поврзи и таму каде што бараа да се постави водомери и да водата се третира и се постават акумулации на вода базенти, имаме во Комуналец 4 цистерни и ќе почниме од јануари да се местат, таму ќе поставиме дигитални водомери, меѓутоа наидуваме на малку една чудна работа, еве конкретно за с. Раец беше Гоце, село Раец има отприлика 20-тина стални жители, 18 небитно и сега добивме барање од 6 жители да не поставуваме водомери и да биде слободна водата за плаќање, така да тие работи по селата секогаш постојат и ги има, ние ќе се свртиме од страна на законот, ќе си поставиме водомери и ветивме на Управен Одбор Комуналец ќе му ги даде бесплатно водмерите и ќе предложам и на Совет, еве наредната година секако треба да носите одлука за субвенционирање

на руралните средини во делот на комунален износ на смет, така да еве и тоа село може да го ставиме да го ослободиме од плаќање на вода. Не е целта на тие 20 семејства да му наплатиме вода по 5 кубика по 10 тоа се смешни пари и нерентабилни за претпријатието, целта е тој што е во долно маало да не ја злоупотребува водата за тој што е најгоре да нема вода, буквално да постигниме една синхронизација за да може секаде да има вода. Инаку во меѓувреме се изработува проект за Ќесендре, се изработува проект за Кошани, се изработува проект за Клиново веќе е завршен проектот, кажете го Куманичево, за Куманичево се работе проект о за уште две села каде што нема асфалт до самите пристапни села, да комплетно ги асфалтираме, а во меѓувреме аплициравме во ЈПДП двата километра накај Мајдан да се дореконструираат за да имаме добар пат до пред Мајден, проектот до Мајден асфалтирањето е веќе во завршна фаза. Втор проект кој што го аплициравме преку ЈПДП е Мушов Гроб до Конопиште, проширување, реконструкција, пошто е во лоша состојба патот и врфзувањето на Бошава со Конопиште околу 2 км. и на крајот да не го споменам од регионално значење патот од Демир Капија до Барово, кој што е од многу големо значење и во тој случај таа рурална средина на Бошавијата од автопат во Демир Капија мислам дека за 5 или 6 км. стигнуваат до Барово, со тоа ќе го овозможиме и развојот на руралните средини, меѓутоа и развојот на туризмот и на екотуризмот и мислам дека тој пат како регионален постое и повеќе од 40 години, ама е евидентиран, меѓутоа не е направен како пат, а 6 или 7 км. пат од автопат до Барово, тука до Крњево, до Бошава мислам дека ќе примаме доста туристи кои што би дошле за да ја видат таа стварно убава природа и еко туризам кој што може да се развива и како информација самосакам да додадам дека еве ски-центарот кој што упорно и напорно работиме тогаш ќе мора да дојдите сите заедно ако треба и милум и силум советниците на отварањето на ски центарот да видете Општина Кавадарци што успеа за 4 месеци да направе. Не Митко Јанчев, Општина Кавадарци. Една невидена работа и еден убав мини скијачки центар со повеќе содржини од најмлади до повозрасни и треба да ни биде гордост здрави, живи ако стигниме

до 25-ти, така да можеме после Совет или пред Совет или Советот да го одржиме таму и званично да го отвориме скијачкиот центар Ски Кожув кој што е под надлежност на ЈП Јасмин и ќе биде гордост, пошто пак ќе спомнам уште еднаш една работа од времето на Југославија е прв мини или скијачки центар што се граде во Македонија. Да не речам пак Тито. Значи од времето на Југославија е прв скијачи центар, со исклучок на големиот проект кој што го имаше Кожув кој што е нефункционален. Така да тие ресурси што ги имаме таму и од 70 см. снег и сега новиот снег што треба да заврне мислам треба да биде гордост, а јас еве пак да се насмееме, ама не е воопшто смешно за сите советници ќе обезбедам скии, горе доле знам димензии за да се пуштиме и ја отвориме стазата. СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Градоначалниче имам 3 прашања за вас. Првото прашање, сите 3 прашања се доставени до Левица во Кавадарци од граѓани. Првото прашање е во однос на вработеноста, односно превработеноста. Ги имам испринтано ќе ви ги дадам, не мора да си ги запишувате. Би сакал да се осврнам на едно прашање кое длабоко ги засега граѓаните и ја тестира транспарентноста и отчетноста на локалната власт, а тоа е политиката на вработување во Општина Кавадарци. На сајтот на Агенцијата за администрација осамнаа два огласи за вработување на вкупно 7 лица со 3годишно високо образование, но останува нејасно дали овие нови работни места произлегуваат од реални и објективни потреби за унапредување на работата на Општината или се резултат на политички мотивирани вработувања во предизборна година. Сведоци сме на ситуации каде во некои канцеларии има и по четворица вработени што создава слика на хронична превработеност. Тоа не наведува на неколку клучни прашања. Кој е вкупниот број на вработени во Општина Кавадарци во моментов, каде се утврдува реалната потреба и како се утврдува реалната потреба за нови вработувања. Дали овие две нови работни позиции и седум лица навистина се неопходни на Општината или станува збор за партиски вработувања со цел да се задоволат одредени политички интереси и како планирате да се справите со предизвиците на превработеноста и да обезбедите ефикасно користење на јавните

ресурси. Како општински советник, а пред се како глас на граѓаните барам од вас детално и транспарентно објаснување, во услови на економска криза секој денар од буџетот е значаен, а ние како избрани претставници сме должни да се осигураме дека јавните средства се користат рационално и без партиски влијанија. Ве повикувам на искреност и одговорност бидејќи граѓаните заслужуваат да знаат дали администрацијата е создадена да служи ним или на нечии политички интереси. Тоа ви е првото прашање. Второто прашање е во врска со Илдирим. Значи пред 3 недели имавте средба со Претседателот на Илдирим Груп која беше бомбастично објавена во многу медиуми. Сепак за јавноста оваа средба остана чисто церимонијална и не донесе никакви конкретни одговори. Народот со право е се чувствува оставен во неизвесност и заслужува да знае што произлегува од оваа средба. Затоа ве прашувам директно дали и кога ќе започне производство во Комбинатот Фени, граѓаните очекуваат јасни рокови а неизвесноста само ја зголемува недовербата што ќе се случи со сите засегнати вработени од претходното раководство, може ли да очекуваат континуитет во својата работа и дали новото раководство ќе ги превземе сите вработени и дали работниците може да очекуваат солидни плати кои го одразуваат нивниот труд и посветеност, нивната егзистенција зависи од ова, а одговорноста е на менаџментот да обезбеди сигурност и подршка за овие семејства. Кога веќе сте имале средба граѓаните очекуваат резултати и одговори, во спротивно ваквите состаноци се само празен пијар без реална вредност за народот. Барам од вас транспарентност и отчетност во однос на ова прашање. И последното советничко прашање е во однос на задолжувањето и исплаќањето на средствата за спортските клубови и здруженијата на граѓани. Сакам да се осврнам на финансиските обврски на Општина Кавадарци и на грижите кои ги изразуваат граѓаните и локалните заедници. Па конкретно прашањето ми е дали финансиската задолженост на Општина Кавадарци е причина што средствата што треба да се исплатат на спортските клубови и здруженијата на граѓани како и паричните награди за учениците и менторите од основните и средните општински училишта за посебни

постигнувања на државни и меѓународни натпревари, тие лица ги чекаат цела година овие физички и правни лица ги очекувале овие средства и ги ги планирале своите активности врз основа на овие средства, нивната финансиска состојба, реализацијата на проектите директно зависат од подршката која е ветена, но не е исполнета, кои се останати обврски кои Општина Кавадарци треба да ги подмири до крајот на годината, граѓаните очекуваат транспарентност во буџетското работење на Општината, особено кога станува збор за средства кои го подржуваат обрљазованието, спортот и граѓанските активности. Ги имам извадено прашањата.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Благодарам почитуван советник Круме. Убави прашања, ама стилот на прашување ваше на Левица е со раскажување, како Латас кога ги водеше вестите. Прашај ме, што раскажуваш. Ќе ме прашаш конкретно, ќе ти одговорам. Ти делумно и ги одговори прашањата со самото поставување на прашања. Ќе почнам од последното, ќе испадне дека сме договорени, као у коалиција да сме, сабајлево објавивме првачињата исплатени во целост, децата со успеси исплатени во целост, менторите исплатени, НВО-то исплатено, спортските клубови се исплатени, незнам како ваков лапсус правиш, ќе те искара шефот изгледа. Прати ја таа мојата фејсбук страница, има нешто на неа. Во делот на задолженоста на Општината, значи хронолошки, два паушала сабајле ви исплатиме.Значи паушалите се исплатени и ако земиме економски, финансиски и хронолошки да гледаме како стое Општината точно е дека во овој момент, во моментот на месец декември почеток има највисоко салдо на обврски, како и секоја година. Зошто. Затоа што и сами знаете сега декември, јануари, февруари и март нема да примаме нови ситации, затоа што буџетот е реализиран, ги вршиме исплатите, а во меѓувреме се припремат нови тендери и се распишуваат новите договори за работа за тековната 25-та година. Така да тука граѓаните кажав јас уште на претходната седница дека кога ќе си одам ќе ја оставам Општината така како што ја земав во финансиските конструкции, а со 50% зголемен капитал, мислам се сеќаваш на седницата.

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Имаше вака направено на почетокот, еден советник те прашува истото воа прашање, во записникот има 3 страни А4 формат кога го одговараш прашањето не кажуваш ништо апсолутно. Значи кои останати обврски Општина Кавадарци треба да ги подмири до крајот на годината.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Вака сега значи во моментот Општина Кавадарци има некаде околу 70 000 000 тековни обврски, без долгорочните задолжувања. Со долгорочните задолжувања, кредити, програми долгорочни тригодишни за изградба на сала, една, втора, трета, четврта сала, петта сега во Дреново, со Лазо Асијата тие се тригодишни програми. 65 000 000 денара сега се праве цело улично, реконструкцијата и таа ти е , тие се 3 годишни. Вкупниот долг е негде околу 200 000 000 денари. Се согласуваме тука. Да. Ја не бегам од бројката и не ме плаши тоа апсолутно. Апсолутно не ме плаше. Значи 200 000 000 денари се сите обврски, заедно со кредитот за пазарот, со се, со долгорочни обврски, а краткорочни обврски кои што треба да си ги завршиме до февруари, март се негде околу 65 до 70 000 000 денари . Ако сакаш бројка, ете ти бројка. Да. А уште една бројка не ме праша. Колку ќе исплатиме до крајот на годината од тие 70 000 000. Нема сега апсолутно, објективно 90% со точност 35 000 000 денари, почнувајќи од завчера до крајот на годината ние ќе исплатиме, тука се сега и овие што влегоа НВО и сите други спортски клубови и према градежните компании. Инаку една работа треба да анализирате и да видете дека ланската година 24 000 000 денара има обврски вкупни по основ на извршени експропријации. Едното со другото дека не работиме, не се согласува. 24 000 000 денари Општина Кавадарци откупила земјиште од приватни сопственици за јавен интерес, улици, патишта, тротоари и се што останало и во делот на експропријациите имаме обврски кои што ги спомнав и тие влегуваат во тотал сумата која што, немој да мислите ние не знам со финансии, со другите раководители тоа не го следиме и не го пратиме, го гледаме, затоа што на крајот од денот ја не верувам дека некој тебе ти се јавува за пари да платиш, пак наш е товарот и ни се јавуваат кога имаат обврски, а доцниме за некои работи понекогаш, така да во делот на

компаниите и во договор со нив, така ја следиме и динамиката и имаме одличен развој. Добро е дотука. Вработените. Во делот на вработените на Општина Кавадарци не е зголемен бројот на вработените и со последниот оглас пак нема да биде зголемен, затоа што до 30-ти јануари од Агенција за времени вработувања кои што имаме 23, 24 сега во моментот ќе останат двајца од Агенција за времени и тие 5, 6% што ги даваме провизија Агенцијата нема да ги даде веќе конечно. Таа е таа ситуација што сакам да ти ја кажам. Нема веќе да ме напаѓате Агенција за времени, времени еве станаа невремени. Исто како информација благодарение на Владата, Министерството за финансии и Министерството за труд и г-динот Премиер Христијан Мицковски денеска ни стигнаа 18 согласности за вработување во детската градинка, во предучилишното образование и заштита. Нема да земиме нови вработени. Таму има 40 времени, кои што одат, ќе ги трансформираме во делот на тоа и таму ќе се намалат со 50%, не само трошоците, него во делот и на трошоците и нема да бидат на договор на буџетот на Општина Кавадарци. Остануваат негде 21 во градинкава и еден до двајца ќе останат во Општина Кавадарци преку Времени вработувања. Сега кога ќе се јаве потребата, еве планираме околу 20 да ја отвориме салата во Возарци, Возарци школото има капацитет да си ја одржава и чисти. Во Сопот има еден хигиеничар и директорот вика нема да има можност тој хигиеничар да ја одржава и самата сала, исто во Марена, исто во Дреново, во тој случај можеби еден, двајца во делот на хигиеничар да се земе и по основ на боледување, по основ на пензионирање, дури некаде по основ на пензионирање не одобруваме каде што гледаме дека нема потреба да се вработе, а тоа знајш кога го кажувате малку интересно го кажувате тројца седеле, четворица седеле, вратата не може да се отворе, затворе. Дај да видиме кои канцеларии се тие, па може и се групират едни од други канцеларии, па си прават муабет, не работат.

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Вкупниот број на вработени, како се утврдува реалната потреба за нови вработувања. Дали двете нови

навистина се неопходни за Општината или станува збор за партиски вработувања.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Јас можам да ти одговорам политички. Вкупниот број на вработени ќе ти го каже Сектор за човечки ресурси. Ај Јасминка нека го каже вкупниот број на вработени, со пожарникари или без пожарникари го бараш. Без пожарникари нека го даде. Планот за вработување ние го оствaруваме според она што е систематизација на Општина Кавадарци, а класификацијата на вработените според потребата на Општината. Значи друг начин нема како да ти одговорам и сега, ако ми ги ставаш и оние нови вработувања што фала Богу имаме во благородна состојба 6 и плус ена родилка 7 веќе на породилно некој мора да ги смене во некој дел што мора да работат и ако не прашаш Доне Илов кој што треба да му дадиме благодарница ка ќе отидиме на 25-ти во Михајлово дека 3 месеци не е вратен од Михајлово, 3 месеци не вратен, не само он и уште еден со него, значи Општината покрај администрацијата која што ја работе ние стигнаме на ниво да работат и нешто плус и плус за да не заангажираме луѓе од страна, многу лесно беше да донесеме одлука на Совет или јас да донесам одлука или заедничка и да кажиме за изградбата на оваа ски стаза ќе изнајмиме експерт кој што ќе ја надгледува изградбата и ќе му платиме 10 000 евра така. Супер и ќе биде кординаторот таму, тој ќе биде надзор. Не ги потрошивме тие пари. Доне Илов сиромашкиот се нафана, вика Само да ја отворам стазата и месец дена одмор барам, друго не бара човекот. Значи гледате ја и добрата страна, така да не манипулираме и мислам дека домаќински ја тераме, како да ти кажам. Бројка колку сме. Јасминка таа ли е бројката колку е. 120 редовно.

РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ЈАСМИНКА ЃОРЃИЕВА ТОДОРОВ: 120 редовно вработени со технички служби, 30 пожарникари, 21 времени.

ГРАДОНАЧАЛНИК: 21 каде.

РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ЈАСМИНКА ЃОРЃИЕВА ТОДОРОВ: Во институциите.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи тие не се кај нас. Догодина ќе ги нема кај нас тија. Не знам во Дом на културата требело чистач, хигиеничар, ваму требело. Тие ги нема, тие се други. 150 вработени со пожарникари. Минус пожарникарите 120. 120 вработени од кои што во овие 5 години нови сектори се Мој Општинар, со повлекување на 5 луѓе во Кол Центарот 24 саата, Инспекциски, 5 вработени има во Кол Центарот Круме. Прва, втора, трета, четврта смена и еден дежурен. Сабота, недела и на први јануари за Нова Година така. Е со помалку ако можеш направи го. Второ четворица коишто Владата на СДСМ ги избрка од работа, портирите доле да не ги заборавиме. Портирите лани Владата ни ги откажа преку СЗР Служба за заеднички работи, како се вика не знам и немаше да ги оставиме на улицата луѓето и да не немаме човек, чувар или човек кој што има потреба да отворе 50 институции, ги превземавме кај нас, ене ги истите се, Гичо, Трајко, Петко, Рајко 30 години што работат. Не ги отпуштија на заводот госпоѓо, не ги префрли Општина Кавадарци. Не беше консултација, на заводот ги испушти. На заводот. За инат. Тоа се 9, 9 луѓе во моментов имаме инспекциски служби. Немаме ниеден инспектор, освен сообраќаен инспектор. Сега инспектор за домување двајца, инспектор за патен сообраќај, па тија другиот е инспектор за туризам, комунални имаме тројца, животна средина имаме еден се граде и тоа се 9 луѓе, даночен инспектор првпат ќе имаме и ревизорот кој што пред тоа го немаше, сега имаме двајца ревизори кои што ќе ни прават интерна ревизија на нашите ЈП-ја, основни училишта, се што е под Општина Кавадарци и ако вие ги земам ти се 26 луѓе и ќе се вратиме на бројката од 2017 Значи имаме зголемено обем на работа, зголемени дејности и зголемени сектори. Ако ви мислите дека Кол Центарот не ни треба со 5 луѓе, кај што може со 13-300 бесплатно да се јаве било кој, а притоа да нема пријател мислам дека е неопходно една општина да го има тоа. Инспекција сега ме прашавте како се справуваме со дивите депонии, ќе се јаве некој овој горе дрвја, овој горе несоодветни работи, треба го пратиш поручек треба да го пратиш во сабота, во недела, значи во тој дел, техничкиот дел и инспекцискиот дел е 24/7, такси службите, јавниот превоз, се е под наша надлежност и ингеренции

кои треба да ги контролираме. Пред тоа го немавме тоа. Инспектор за домување, двајца се, секоја колективна зграда ја посетија. Знајш какви маки имаат луѓето, тија што е доле ич не му е гајле на овој што е најгоре што му тече, а овој што е доле па ич не му е гајле за лифтот што не работе и ние мора тоа да го косолидираме и да ги имаме тија инспектор, не да се испоказнуваме одма, него да му ги кажиме правата и обврските од колективното живеење во колективен станбен објект. Тие се тие луѓе, кои што се тука и делот да не заборавам на урбанизам ни е подобрен пошто таму имаме 3 млади деца коишто ако не ти кажам дека со сила ги држиме на работа, секојдневно имат понуди за да испаднат и ќе останиме без градежници, без архитекти и ќе останиме без ИТ менаџери, кои што се неопходни за една општина да функционира, ќе останеме на правници и економисти, ќе си попуваме после тука, ќе си кажуваме вака требеше да биде, нака требеше да биде. Мислам дека тие се вработените, нови вработени нема, нема ни да има. Како Градоначалник на Општина Кавадарци имав чест да бидам поканет на средбата со Премиерот г-дин Христијан Мицковски во Владата на Р. Македонија заедно со г-динот Роберт Илдирим кој што беше присутен на средба со Премиерот и се разговараше на неколку бизнис теми кои што инвеститорот Роберт ги побара од премиерот како работи кои што премиерот даде насока со неговите служби од царина, финансии и УЈП да се сработат и по моја информација и укажување на сопствениците, пошто човекот дојде, си ја посети и фабриката и се види и со дел од вработените во самата фабрика, кажа дека сите вработени ќе ги задржат со почетокот на работа и ќе ги повлечат, нормално кој сака да се врате, некој во меѓувреме не може да се врате, во моментот имат 165 вработени кои што дават фул плата, ја земаат фул платава и очекувам да имат солидна плата и понатаки и според тоа што го кажа еден товарен брод е тргнат на солунското пристаниште и треба да стигне за 15-20 дена од кажувањето од тогаш. Тоа се некои 100-тина илјади тони руда или колку се и ќе почне да се истовара, па после истоварањето да се вози во самата топилница и да се почне со работа. Моето

објективно датум немам за почеток на работа, немам датум. Од тоа што можам да приметам и тоа што го побара г-динот Роберт сака да почне час побрзо со работа, меѓутоа не сака да го извезува веднаш готовиот производ Еуроникел, има средства обртни да може да работе, ќе си чека берза и пазар, момент кога да извезе кога ќе има рентабилна цена. Во моментот нема рентабилна цена за да извезе . Тоа го знаете сите, али е голема корпорација светска кај што може да издрже производство, да складира, ка ќе добие берза да тоа го извезе и тоа беше и барањето кај Премиерот да ДДВ-то на влез на руда се направе како ТИР зона, да не му го наплаќа државата и да чека да му го вратат додека не извезе, пошто се сериозни средства, не да биде повластен него да се донесе правилник за да тоа ДДВ не го плате и нормално биде задолжен со самиот извоз, пошто од продажба во Македонија нема и не може ни да има на тоа. И тоа е моето убедување дека сака да произведува повеќе и да извезува само во дадени моменти кога е повластена цела ситуација. Сами знаете дека пак влеваме во еден полукризен момент, кај што струјата стигна 160 до 200 евра mw, енергенсите растат, не само за Фени и за сите компании, да видиме што зимо ќе имаме, јас очекувам лично од месец март да почне со работа.Тоа е пак ќе кажам мое лично очекување. Значи штом стига руда, штом носе руда, 160 вработени ги плаќа, 1 200 000 му е месечен трошок за струја и за вработени не гледам причина да не почне да работе и вложил 50 000 000 евра и 200 000 000 евра, купил два рудника на Слоновата Коска, не знам каде, така да очекувам да се почне со работа и очекувам многу од таа компанија искрено да ти кажам. За платите. Според Колективен договор во моментот они му даваат 70% плата, вработените кои што сакаа 100% си потпишаа договор и земаат 100% плата на неработа, а кога ќе почнат да работат сигурно ќе имат договор и за бонус и за сите работи како во секоја компанија. Транспортерите, се разговара и со нив, кај г-динот Роберт има расположение, расположение има да има некаква соработка со нив идна сигурно, меѓутоа и во нивната соработка да се расчисте долгот, кој што му беше наметнат по основ на задолжение за плаќање на гориво, односно на нафта, а тоа е негде околу 750 000 евра средства. Има расположение.

Вработените од стечајната маса која што дел пакети се продадени и од тоа што го имаме информација трите плати не знам дали му се земени или ќе ги земат наредната или понаредната недела, така да и заостанатите плати ќе бидат исплатени. Она што значи бизнис и што има побарување уште 200 компании пари од таму, сам знаете сметководител сте дека бизнисот е ризик и секој ако не си склучил договор, не си оставил банкова гаранција, работел врз основа на ризик, го зборевме последниот Совет тоа, тука јас не гледам дека некој може да те обештете во делот на бизнисот, али во делот на транспортерите, затоа што се измамени и оштетени има расположение и стојат на истото тоа. Последниот разговор ми е мене минатата недела со неговиот асистент и стојат на истото плус кажав дека сега урбанизираме уште 50 мw, сакат да прават фотоцентрала 100 мw инвестиција. Јас ја гледам таа долгорочна стратешка компанија со сериозни инвеститори кои што за среќа ја купија, пошто не се трговци, не се човек фирма, него се со 57 фабрики во светот и само таква фирма може да издрже ваков комбинат, кога е во негатива и не работе. Луѓе јас основачкиот влог не знам колку е и не верувам дека е 5000 евра, затоа што они веќе вложија 45 000 000 евра. Штом вложиле 45 000 000 евра ги вложија во основен капитал, недвижен, они платија на Општина Кавадарци данок на промет соодветно врз основа на купувањето на основниот имот, така да не верувам дека е 5000 евра основачкиот влог. 5000 евра може му е трошок само саатот на таков комбинат.

СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Почитуван Претседател на Совет, почитувани колеги советници, Градоначалник, медиуми и сограѓани. Како прво прашање бидејќи потекнувам од УЗ Кула и со посетите по урбани заедници и по консултации со одредени жители сакав да прашам за одредени работи што беа најавени и сакам да прашам до кај се и дали ќе се завршат. Како тесно грло кај т.н. згради Белка од кружниот тек нагоре беше предвидено проширување. дали тоа се планира Градоначалниче во оваа или во идната година, бидејќи таму знаеме честопати има и возила кои што го попречуваат сообраќајот и тој дел мислам м дека треба да се реше. Во делот кога сме кај сообраќајот и

претходно еднаш на советнички прашања поставив прашање како т.н. црни точки одредени препреки да се поставаат кај Бисер бидејќи е малку непрегледно, таа пешачка патека, спротивно нели до Римес месара што е и каде што е изграден пазарот подземниот паркинг спрема Дуко продавницата одредени препреки, бидејќи таму од сограѓаните што функционираат таму значи кажуваат дека може да се случе до несакани последици како пак непрегледен терен. Исто така УЗ Кула од каде што сум значи нели е позната по таа стара кула дали се предвидува и се планира таму како нешто беше најавено како осветлување на неа и како расчистување на тој простор со мини плоштадче во тој дел . Тоа е во мојата УЗ. Во делот кај што гледаме Кавадарци се развива како ниту еден друг град со гринфул инвестиции како што Литл Америка, Лидл, бензински пумпи, нови овие билдинг згради, значи енергетски згради, значи таму како се планира да се реше сообраќајот, дали се предвидени нови кружни текови бидејќи знаеме дека нели со зголемување на бројот на работење на тија деловни објекти, тие згради, дали нови булевари, нови кружни текови на Северен и Западен Булевар и исто така со жителите од населбите во Тиквешко Езеро како трето прашање значи таму се задоволни, нели се донесе вода до Брушани населбата, до Ресавски Залив, се асфалтира, патишта, осветлување исто и до Голеш скоро до населбата се донесе, се асфалтира пат односно се бетонира и осветлување ново, во тој дел се благодарни, прашуваат дали се размислува во идно време и таму да се реши делот со водоснабдување бидејќи таму има стотици викендички населби. Дали во иден период се планира нешто и натаму се размислува дали како поголем зафат со помош на државата или нели со меѓународни некои помошти или самата Општина дали се размислува во таа насока. Благодарам. Тоа беа прашањата.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Благодарам почитуван советник. Значи кај Белка очигледно мислите на кружниот тек Видео Смилевски, да нагоре. Тоа уште од времето пред 50 години пробиено делумно со една коловозна лента, претходно имаме две коловозни ленти на две нивоа, направена е проценка за отстранување на објектите, ставено е во план и програма за наредната година, ќе ги почниме

правните моменти за отстранување на тој објект и нормално наидувањето на секако од тој што ќе гоземиме ќе му биде малку, нас ќе ни биде многу плаќањето, меѓутоа сепак таа проценка е правена од овластен проценител и до извршувањето на правните моменти, после тоа ќе се пристапе кон пробивањето на самата улица. Во делот на смиртувањето на сообтаќајот или на пречки за побезбедно движење знаете дека тука сме ажурни, токму каде што ја спомнуваш улицата има ставено сферно огледало да го користат граѓаните. Правилата кои што укажуваат на сообраќајот кажуваат дека пред раскрсница на 5 метра не смееш да поставиш таква пречка или после раскрсница, на угорница, на удолница, па сите тие работи, меѓутоа има една мала измена кај што оние гумените сега топки да ги наречам како поставување во самата асфалтна маса се ставаат само со одбележување без барање на сообраќаен проект и Рамов како главен инспектор за сообраќајот е задолжен со неговите инспектори да направат увид и колку гумени такви топки на колку локации ќе треба да поставиме за потсмирување на самиот сообраќај. Еве ја гледате сега Ѓорѓи Соколов се направи со ригорозни мерки според мене, иам 3 гумени сообраќајци и еден асфалтен, е тоа се критериумите кои што ги бараа граѓаните, ги внесивме во проект и сега буквално невкусна е и улицата, меѓутоа како да кажам, барањата ако почниме индивидуално да ги бараме и секој како гледа индивидуално ќе наидуваме на невкусни работи на терен или пренатрупани работи, затоа што сепак треба некој стручен да каже каде, што, како треба, така да ажурни се тука, нека си бидат во комуникација со луѓето и да го направиме подобар сообраќајот. Околу кулата разговарано е со Агенцијата за ветеринарство, разговарано е со Министерството за земјоделие, наредната година тоа ќе ни биде приоритет за тие бараки кои што се во државна сопственост, ќе се рушат. Преку Музејот аплицираме проект за реставрација и заштита на самата кула и мислам дека сме во завршна фаза да изнајдиме 5 канцеларии за преместувањето на функцијата на работењето на тие луѓе кои што се таму, а тоа ќе бидат веројатно канцелариите на Водостопанство АД Кавадарци, на вториот кат кои што не ги користат, меѓутоа треба од 5 институции согласност и

знајш кога ќе треба од пет институции согласност малку потешко одат работите, не е невозможно, меѓутоа мислам дека ќе се заврши и би било добро да се очистат тие бараки, да се направи партерно уредување тука паркинг и кулата да се заштити, да се на некој начин реставрира и на некој начин да биде еден спомен обележје за Општина Кавадарци кое што ќе биде и осветлено и направено и да дојдат туристи да ја посетуваат. Во делот на водата за кој дел поточно во Брушани.

СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Брушани и Ресава се реши, за Голеш, дали се размислува за таа страна нешто да се решава тија проблем, пошто е поголем зафат знаеме.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Голеш е наспроти Тиквешкото Езеро секако дека има техичка можност тоа да се изведе. Едноставно што можеме еве Елена запиши да порачаме проект, па да видиме врз основа, прво некое идејно решение да се направе, а после врз основа на тоа идејно решение ако е економски исплатливо или не знам да кажам не е мегаломанско да направиме проект за изведба и да се водоснабдува таа населба за Голеш што ја викаш, значи наспроти Брушани. Нека се виде анализа колку куќи се, која би била потрошувачката отприлика, што Фи треба да се однесе и дали имаме простор да ја развиеме мрежата од другата страна на Тиквешкото Езеро. Јас имам волја, пак ќе го оставам технички и стручно да кажат службите и да го решат така како што треба.

СОВЕТНИК ДИМЕ КОЦЕВСКИ: Градоначалник јас имам едно прашање кое што голем дел ми го поставуваат од моите соселани од Ваташа, се работе за фудбалското игралиште на ФК Габер, односно значи за самото игралиште, за помошните простории и за тоа околу што се планира затоа што сега моментално е во влошена ситуација.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Благодарам советниче. Значи сме го разговарале воа често пати. Таа улица треба да се пробие, да биде двонасочна како што е самата улица од Слога мостот треба да продолже и да испадне до првиот мост у Ваташа. Тие соблекувални според новиот ДУП кој што сакам догодина да го активизираме, да се преместат од горната страна на фудбалското игралиште, тука да се ослободе простор за улица, да се направе улица како што

треба и во ФФМ ваташкото игралиште е влезено за реконструкција, да се реконструира и да добиеме соодветни услови и во делот на сообраќајот и во делот на соблекувална, меѓутоа и самото игралиште да биде функционално, поради тоа што и сами знаете дека ни е неопходен друг терен за нашиот прволигаш да има секојдневен тренинг, ете да може и ваташкиот клуб да функционира, младинците исто да функционират пошто дефинитивно на Јасмин Спортскиот центар тоа игралиште не може да се одржава за фудбалски натпревари и за тренинг поради тоа што е рекреативна зона и го посетуваат над 500, 1000 луѓе дневно и одржувањето на трава е тука невозможно да биде, така да ставено е во план и мислам дека наредната година ќе го отпочниме да го завршиме заедно со ФФМ.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: 5 минути пауза. (Пауза). Почитувани колеги остануваат уште советнички прашања од двајца колеги советници. На ред е Вуко Мелов и последен пријавен е Петар Николов. Повели Вуко Мелов.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Благодарам Претседателе. Почитувани колеги на денешната седница за советнички прашања ќе поставам две советнички прашања. Првото советничко прашање намерно го зимам овој временски период бидејќи е надвор од периодот на берба на грозје да не се поистовети дека сакаме да ја политизираме темата, меѓутоа редно е да се одговори на одредени прашања, односно одредени работи кои што беа зборувани во рамките и беа ветувани во рамките на предизборната кампања 2021 година, па и 2017 година. Имено станува збор за долгозборуваниот проект и долговетуваниот проект од страна на Градоначалникот на Општина Кавадарци за тогаш кандидат за отварање на дестилерија со која што ветуваше дека трајно ќе се реши проблемот на лозарите со откупот на грозјето. Еве овоа е од 2017 година и вели вака Ние планираме да направиме проект каде што секој вишок на грозје кој нема да се откупи, ќе се откупи во тој погон или фабрика, односно таа дестилерија и ќе мора да ја откупи по пазарната цена која што е актуелна во тој момент на пазарот на грозје. Исто така 2021 година повторно во рамки на изборната кампања Јанчев презентираше проект за

дестилерија на прес конференција каде што вели Со изградба на дестилерија ќе се преработува винско грозје во шира која што ќе може да се продава како ширен продукт. Преработеното грозје би можело да се продаде и како концентрирана шира, па понатаму да се користи во индустријата за сокови и слично. Исто така од преработеното грозје ќе може да се добие алкохолен дестилат со трајна употребна вредност, појасни Јанчев и дури е најавен референдум и доколку истиот е успешен Кавадарчани би добиле дестилерија . Ме интересира Градоначалник дали планирате да правите дестилерија или ова беше само една предизборна лага и манипулација ваша бидејќи два пати сте ја ветиле, сте ја ветиле 2017, не сте ја реализирале, сте ја ветиле дестилеријата 2021 година, не сте ја реализирале, како еден од клучните проекти со кој што ќе се решава проблемот со грозјето, односно со откупот на грозјето и постигнување на пазарни цени на тоа вишок на грозје. Второто прашање ми е поврзано со Тиквешкото Езеро . 2022 на почеток покренавте преку НВО иницијатива за ставање на точка на дневен ред на Советот на Општина Кавадарци, каде што Советот на Општина Кавадарци разговараше околу состојбата на Тиквешкото Езеро. Тогаш се прикажувавте во јавноста како нејзин спасител, кажувавте одредени, обвинувавте одредени состојби кои што беа актуелни тогаш, а денес ова се слики од изминативе недела, две за состојбата на Тиквешкото Езеро кое што е на минимална кота. Еве ги да ги виде истите фотографии и јавноста, во каква состојба се наоѓа денеска Тиквешкото Езеро во месец ноември каде што сеуште мислам сме на почеток на сезоната за греење, односно сме на почеток кога побарувачката за ел. енергија сеуште не го достигнала максималното ниво како месеците кои ни следат, акумулацијата е празна, од 20-ти октомври значи промената на Директор е направена на 01.10 каде што котата тогаш на Тиквешкото Езеро изнесувала 244, од страна на одредена м.з. односно конкретно од М.З. Возарци преку Општината е побарано да се продолжи временскиот период на наводнување за плус одреден број на денови, така да производството на струја започнува во ХЕЦ Тиквеш од 20-ти октомври и за неколку недели успевате да ја испразните

цела акумулација, пред неколку денови таа е на минимално ниво и се движи негде 236, 237 , а минималното ниво е кота од 235. Прашањето ми е зошто сега молчите во однос на оваа работа и зошто и кога планирате повторно да покренете иницијатива за спас на Тиквешкото Езеро, исто како што го правевте тоа 2021 година.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Благодарам советниче за партискиот прес што го одржавте на говорницата, не за прашања советнички. Значи ова да, токму така доликуваше партиски прес. Прво се служите со зборови кои што немате потреба да ги кажувате лаже, лажов, омаловажува, предизборно 21, 29 ,18 уште ајле бројки ќе броите. Нема врска тоа. Никогаш не молчиме и никогаш не сме против екологијата, никогаш не сме против хидросистемот, против луѓето, против населението, барем гледам максимално да бидам објективен, а не партиски насочен или да се водам од политички партиски и дневни побуди затоа што немам едноставно потреба од тоа, мислам дека доволно ме знаат граѓаните и дека не пие вода таквото насочување, меѓутоа по однос на прашањето за дестилеријата ништо не е заборавено и ништо не е излажано 2017 година кога првпат го понудив проектот за дестилерија имавме 160 000 000 кг винско грозје, 2024 година имаме 82 000 000 кг винско грозје и 5000 ха еве поточна информација од Петар советникот помалку лозов насад. Е сега ќе го поставиме обратно прашањето . Значи вие ја завршивте работава со 7 години владеење, вишокот на грозје го претопивте за да нема вишок на грозје, едноставно остане да дури и биде кратко и она грозје кое што ни треба за производство на вино, меѓутоа ако се вратиме пак на 150, 160 000 000 кг грозје јас тврдам дека треба таа дестилерија и дека ќе има вишок на вино, односно ќе има недостаток во делот на купци за откупување на винското грозје. Во моментот според сите анализи кои што ги кажуват и според обемот на преработувачките капацитети на винарските визби и за жал помалата хектаража и 80 000 000 кг грозје, анализите кажуваат дека вишок на грозје нема. Не е тоа моја заслуга , тоа е ваша заслуга што од 160 000 000 стигнааме на 80. Во делот на Спасот за Тиквешкото Езеро не знам дали вчера или завчера министерката за енергетика беше на посета на

Тиквешкото Езеро заедно со новоименуваниот директор и министерката даде конкретна и јасна изјава и го одговори вашето прашање дека нема да дозволат хидросистемите да се напуштат или да бидат загрозени во било кој поглед, со тоа мислам дека е доволен одговор и ќе чекаме од нив да си стојат на кажаното и да си ја вратат котата како што ја кажа 265, 264 колку е минимална на Тиквешкото Езеро и да никогаш да не се спушта под таа кота заради загрозувањето на самото Тиквешко Езеро, а по однос на иницијатива дали било тоа од с. Возарци или од НВО или од еколошки организации јас и денеска да има иста иницијатива ќе ја подржам доколку состојбата е алармантна и не би сакал да дозволам да има загрозување на Тиквешкото Езеро за искористување на ел. енергија повеќе од тоа што е дозволено, меѓутоа во прилог ни се временските прилики, сами знаете дека на Кожуф Планина над 1000 м. веќе има околу 90 до 1 м. снег кој што е со голема влажност и тоа дава вака охрабрувачка ситуација дека акумулацијата и хидро системот оваа сезона дека ќе бидата во стабилна кондиција и во стабилен процес на производство. Сите мои предизборни укажувања и после изборни укажувања се документирани и ставени во програма и ниту од едно ниту бегаме, ниту манипулираме, ниту го витопериме него едноставно се водиме од реалната ситуација. Најбитно е тоа да прво го вратиме достоинството на лозарот не со политика и не со политички мерки, него го вратиме стандардот на лозарите, а ка ќе го вратиме стандардот на лозарите ќе го вратиме и нивното достоинство и нема да е страно да си лозар, него ќе биде гордост да си лозар и да си лозаропроизводител и направиш добар квалитет на грозје кое би го продал по добра цена, нормално со мерки кои што ќе бидат подржани делумно од државата, а никако да не се слонуваме само на тие мерки кои што државата или Министерството за земјоделие ги дава, затоа што според мене од економска гледна точка и од развојна мерките треба државата да ги дава за развој на земјоделието или за лозарството, тоа не е за преживување и за добивање на цена. Катастрофална година беше 2019 ми се чине кога имаше 150 000 000 кг. винско грозје и кога се откупи по 2, 2,5 денара по кг. со црвен печат

ковид , со единствена цел и намера за производство на дестилат. Како отпосле таа мерка се смени и се дозволи на истите винарски визби кои што го откупија тоа грозје наместо дестилат направат вино, а притоа кога го купуваа кажуваа дека не може од ова грозје да се направе вино затоа што немаше шеќерни единици над 15 вранецот над 90% во Тиквешијата тука треба да се запрашате со измена на одлука на Влада е токму тоа донесено и се створи нелојална конкуренција да купиш без пари грозје, наместо да го претвориш во дестилат и да се продаде како дестилат и да се чува во државните резерви, се направи вино и одредени луѓе можеби го знаеле однапред сето тоа да екстра, екстра профитираат. Тука беше дното на лозарството. Да лоша година , лошо производство, без шеќерни единици. Прашањето клучно. Зошто се дозволи да со ковид црвен печат за дестилат се претворе во наливно или во флаширано вино кое што свори конкуренција на пазарот. Тоа е разочарувачки за лозарите и за лозаропроизводителите и за оние винарски визби кои што произведуваа вино, а купуваа грозје по многу повисоки цени за производство на вино.Така да советниче во моментот на 80 000 000 кг. грозје нема потреба од дестилерија, а доколку се врате пак ќе потенцирам и кажам производството на винско грозје и имаме вишок на винско грозје да има потреба од дестилерија и многу убаво пишува таму откуп на вишокот на грозје, 2019 ако ја изградевме таа дестилерија и не му го дадевме за 2 денара да го купат одредени компании грозјето, го преработивме во дестилат денеска пак ќе имавме 140, 150 000 000 кг. производство на грозје и немаше да има 5000 ха напуштени лозови насади. Ете така хронологијата од тоа што јас го памтам и го кажува истото.

Во делот на Тиквешкото Езеро мислам дека сите сме едногласни, дека не треба да се нарушува котата минимална за интерес на производство на ел. енергија и тука немаме дилема доколку не се исправе ситуацијата би реагирале заеднички сите во интерес на тој благодет што го поседува на територијата на Општина Кавадарци, а притоа од таа ел. енергија и од производството Општина Кавадарци нема никаков личен бенефит, напротив тоа си е ЕСМ, ЕЛЕМ и државата како држава која што ги има сите

тија претпријатија под неа, а не заборавај 24-та мислам дека беше до пред две недели најсушна година во последните 40 години, така да може имаат план и ги следат временските прилики со врнежите на снег за да се наполне таа акумулација за многу брзо време, а притоа испразнувајќи ја акумулацијата за да можат од топењето на снегот да ја преработат во ел. енергија. Мислам дека тие беа двете прашања. Благодарам советниче.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Првен во врска со дестилеријата. 2020 беше ковид година и лоша година заради лок даунот што го имавме, односно затварањето на ресторани, со тоа намалената потрошувачка за вино, неизвозот на вино на винариите во странство и сл. Тогаш Владата донеси мерка за субвенционирање, односно дополна од тија 2 денара плус 8 денара за да се добие некакваси цена која што ќе може дел од трошоците да ги покриват земјоделците. Споредувате години кои што ја зимате најдобрата година, односно година која што имаме најголем род и последни 2 години кај што лозовите насади се соочуваат со одредени времени непогоди, болести и сл. Ние имаме лозје семејно и ако на пр. пред 3 години сме береле од иста декаража од еден декар некаде околу два тона, сега едвај бериме 1000 кг. од еден декар, така да кога ќе правите компарации треба да ги земите најдобрите со најдобрите години и најлошите со најлошите години, така да ги правите компарациите. Ветувањето кое што го дадовте пред граѓаните по одговорот што го слушнавме сега е фактички дека се повлекувате од оваа работа, заради тоа што сметате дека е непотребно, односно се повлекувате од дестилеријата. Јас така можам да ве сфатам и не значи ако на пр. оваа година немало проблем со вишок на грозје дека нема да има некоја следна година, а вие сте го ветувале тоа као ваша клучна мерка за решавање на проблемот. Многу критикувавте во делот на земјоделието, дел од работите биле добри, дел биле лоши, меѓутоа една добра мерка која што успеавме да ја направиме на крајот на мандатот, а тоа беше воведувањето на производната цена каде што одредено стручно тело институт формира врз база на стручна анализа формира производна цена испод која што не смее да биде пазарната цена и така на

некој начин сме придонеле за да ги заштитиме лозарите. Тоа пред избори го критикувавте, гледам сега дури и вашиот министер почна да ја фали таа мерка као добра. Во делот на Тиквешкото Езеро јас се сеќавам 2021 на вашите излагања тука во однос на тоа и тогаш замислете беше период на енергетска криза каде што сите капацитети производствени за ел. енергија беа ставени максимално во погон, тогаш ја покренавте како се вели таа иницијатива во месец јануари и во месец коа потрошувачката на ел. енергија е најголема имавме кота каква што имаме д енеска или како што имавме пред недела, пред 2 недели и тогаш бевте загрижени, сега ја правдате министерката, али тоа е, се менуваат политичките околности, па така мора и вие да се прилагодувате.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Советниче цело време политички, партиски зборувате, а воа е локален совет. Народот сака да виде нешто конкретно, нешто убаво, да му кажете што ќе биде за Општина Кавадарци . Тоа што поминало не го враќаш назад. Значи кога кажав заслугата е ваша за минус 60 000 кг. грозје мислев на политиката која што се водеше во делот на откупот на грозјето. Е сега лично кажа дека поседуваш лозов насад, твоето семејство и дека помалку род ти дава, не знам дали квалитетно го одгледувате. Еве зошто воа ти го спомнувам. Јас имам реакција од неколку ваши соседи на лозјето дека несоодветно го одгледувате, затравено, заштита не правите навреме, дури болеста од вашето лозје ја пренесувате на други. Ако е шпекулација еве Перо би те замолил пратите инспекција, видете го моето лозје и видете го неговото лозје. Значи ова е сериозно. Ако стварно несоодветно го одгледуваш, а зимаш субвенции мислам некоректно е , треба да се провере.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Градоначалник бидејќи во една изборна кампања се претставуваше како лозаропроизводител , а веројатно лозје имаш видено само на фотографии, па сега нема што да одговориш директно во врска со лагите и во врска со изборните ветувања во однос на дестилеријата и почнуваш тука да излегуваш и да кажуваш лаги. Ние потекнуваме од работничко семејство Градоначалник и дел од лебот си го вадиме и таму така да не секираш моето лозје мислам си е добро одгледувано, а ако сакаш

и имаш желба да видиш лозов насад ти стојам на располагање да те земам после седницата и да отидиме заедно да го видиш конкретно и мојот лозов насад и да видиш како изгледа еден лозов насад.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Добро јас ја прифаќам понудата да го видам твојот, да не ме однесиш кај комшиите. Можеби ќе биде после касно, темно да ги видиме, а тоа дека вие чесно си го заработувате лебот и потекнувате од работничко семејство, па вака чекај да погледнам тука 99% сите се горе доле исти, никој не е од аристократско, кралско семејство, сите потекнуваме од работничко семејство, пошто и системот наш до 90-та година беше социјализам. Ние немаме лоза и генетика на аристократски семејства, буквално секоједен кој што котира и живее од тука. Моето семејство одгледува лозов насад отсекогаш, а од 2003 почнавме професионално да се занимаваме со одгледување на лозов насад и во моментов поседуваме 95 ха лозов насад и 15 стални вработени и компанија фирма која што професионално се занимава со одгледување на лозов насад за проиазводство на грозје. Концесијата која што ја имаме на земјиштето ја имаме и ниеден лозов насад не ни е земен како лозов насад, него ни е земен како голо земјиште, од риљање, па се до капка систем направен и притоа тука ти кажувам ни за еден подигнат ха немам земено ИПАРД програма, ниту пак субвенции за таа работа, освен оние што следуваат по ха изграден лозов насад.. по ИПАРД Програма немаме учествувано досега пошто ете може и сме промашиле во таа работа, така да од сопствени средства е подигнато комплетно. Па имаше 2017 година повик од СДСМ да ни се одземе концесијата заради тоа што не сме го одгледувале како што треба, дека било фиктивно пријавувано, па има записник, ќе си го видиш записникот дека е кристално чисто.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Да те потсетам обвинувањето беше дека немаш платено концесија, јас добро се сеќавам и како испадна обвинувањето истата ден ја плати и кажа дека ти било уназад платено, незнаејќи дека пишат датум на уплатницата кој ден е истата уплатена.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Сега вака мислам дали јас сум знаел дали пише датум или не пише датум сега 2019, јас ќе ти речам 2018 ти плакати лепеше пак, немаш врска со ваа работа и сега од добро лепење плакатите те ставија Претседател. Значи ако се вреѓаме така тогаш можеби јас сум задоцнил со плаќањето негде, не викам не, ама не сум го скрил како долг. Ама што се грижите ви за моите сметки. Сеага да ти кажам уште една работа. После Гроздоберотот дома и струјата ми ја исклучија два саата, заостанала 15 дена и сега што ајде на Градоначалникот струјата му ја исклучија да плачам, не плачам, си отиди, си плати 3000 денара плус за уклучување и готово. Е сладоледот се растопи. Тоа е.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Почитуван Градоначалник, Претседател на Совет, колеги советници, почитувана јавност. Јас само малку на кратко околу колегата за лозарството, значи можам да ги убедам лозарите дека идат многу подобри денови за нив, затоа што оваа Влада на ВМРО ДПМНЕ итекако се грижи за нивната состојба, а пример за тоа дека оваа година за првпат немавме штрајкови во време на откуп на грозјето и си течеше најнормално. Нешто што го ветуваа претходните влади, а сега ние им го средивме тоа. Што се однесува до советничките прашања Градоначалник верувам дека овие прашања беа поставени и на средбите што ги имавме по урбаните заедници. Станува збор за почеток на проектот за Ресавски Залив затоа што овој проект е веќе одобрен од страна на Министерството за транспорт и врски, негде мислам дека беше 16 000 000 денари, проект кој што ќе го финансира Владата на ВМРО ДПМНЕ. Кога се планира да се отпочне и кога е планирано да се отпочне со реконструкцијата на ул. Кирил и Методиј. Благодарам.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитуван советник благодарам за прашањата. Мислам дека си последен советник со прашањата. Добро е. Ресавски Залив тендерот е распишан 9,5 000 000 денара комплетно асфалтирање и банкини и очекувам негде со временските прилики и по завршување на тендерската документација февруари, март да биде комплетно асфалтирана. Во делот на улицата која што треба да ја реконструираме канализацијата и водоводот, да, затоа што не е во акутна незнам состојба да има поплави, да има било шо, во

програма е, ставена, одобрена во Комуналец не е тргната од програмата, пак ќе повторам со оглед на временските прилики не би ве раскопал сега пред Нова Година за да не можете да влезите дома за Божиќ, за Бадник или било како, негде после февруари ќе ја фатиме со работа и многу побрзо ќе ја завршиме, поквалитетно, него на вакви услови сега да ја отпочниме, така да одобрени се средствата, нека се смене вода, канализација, после треба да се асфалтира. Ви благодарам за исцрпните прашања и замолувам Претседателот на Советот наредната битна седница на 25-ти доколку има услови и временски и технички да седницата ја одржиме во Михајлово, месноста Михајлово, во соодветни простории и доколку стигниме дотогаш комплетно со се, а верувам дека ќе стигниме да и званично еве ја пуштиме ски стазата во употреба сите советници заедно, така да мислам е најдобро, а пошто е завршеток на годината и ако има некој лично еден против друг мислам дека може тука да се направат и некои други егзибиции во снегот, на меко така да искрено замолувам ако може да биде таму, пошто еве и друзите советници сосмнаа така да добро е да си призираме.Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Градоначалник. Ќе се разгледаат техничките можности. Ако е возможно апсолутно идејата е добра. Се надеваме дека дотогаш ќе завршат сите градежни активности.

Почитувани колеги со тоа е исцрпена 49-тата Седница на Совет на Општина Кавадарци. Ја затварам 49-тата Седница на Совет на Општина Кавадарци. Продолжуваме со 50-та Седница на Совет на Општина Кавадарци. Во ред. Значи пристапуваме кон пауза од 15 минути и одиме на 50-та Седница на Совет на Општина Кавадарци.

Изработил: Анета Рамова

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Стојанчо Рамов